**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Македонски јазик за учениците од другите заедници за VII одделение

**Скопје, 2023 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Македонски јазик за учениците од другите заедници |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Моето секојдневие во средината во која учам, живеам и се дружам<br>• Во непосредната околина<br>• Комуникации, поврзувања и запознавање на разликите |
| **Број на часови** | 2 часа неделно /72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, лексикони, енциклопедии, книги, едукативни софтвери, снимки од нарации, аудио – визуелни снимки;<br>• Библиотека во училница, училишна библиотека. |
| **Норматив на наставен кадар** | Настава по Македонски јазик учениците од другите заедници во VII одделение на деветгодишното основно образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VI A т.е 240 кредити; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | • Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и култура VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Општа и компаративна книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и англиски јазик (германски јазик, француски јазик) VII/1 или VI A т.е 240 кредити.<br><br>Забелешка: Лицата кои завршиле применета насока од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко – психолошка и методска доквалификација можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници во основното образование. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици - Македонски јазик за припадниците на другите заедници**

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| II-A.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-A.2 | да ја извлече главната поента во јасни, едноставни пораки, соопштенија, упатства, молби и сл.; |
| II-A.3 | да прочита и разбере едноставни текстови од различни видови, на позната и помалку позната тематика, соодветни на возраста; |
| II-A.4 | да најде конкретни информации во текстови во реални материјали (како на пример, реклами, проспекти, упатства, брошури, менија, возни редови и сл.) и да разбере куси едноставни пораки, со цел да се снајде во секојдневни ситуации; |
| II-A.5 | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |

| | |
|---|---|
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-A.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-A.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување; |
| II-A.10 | да изрази и аргументира чувство и мислење во врска со нешта од непосреден интерес; |
| II-A.11 | да користи низа од искази и реченици за да напише порака, писмо, белешка, разгледница и да опише со едноставни зборови нешта од непосреден интерес. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и се можност за комунакација со припадници на различни културни/јазични групи |
| II-Б.2 | со познавањето на повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини, |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури, |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

DRAFT

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: **Личен и социјален развој, Дигитална писмнеост, Општество и демократска култура и Уметничко изразување и творење**

**V. Личен и социјален развој**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| V-A.1 | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности и сексуално однесување); |
| V-A.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба; |
| V-A.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални (на пр., родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пр, ученик, син/ќерка); |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |

| | |
|---|---|
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешниото во сопствените и туѓите постапки и да манифестира диблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош. |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјални притисоци; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |

| | |
|---|---|
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.6 | успехот во животот, во голема мера, зависи од целите што ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста,упорноста, истрајноста и одговорностасеважнизаспроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.6 | успехот во животот, во голема мера, зависи од целите што ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |

| | |
|---|---|
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

**IV. Дигитална писменост**

*Ученикот/ученичката знае и/или може:*

| | |
|---|---|
| IV-А.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користењена ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-А.3 | да користи различни начини на огранизирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/и сепотребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, даги анализира податоцитеи да ги претстави на различни начини почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-А.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| IV-А.11 | да планира и да развива секвенци од јасни инструкции за изведување конкретна задача и да ги прикаже како програмски алгоритам; |
| IV-А.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-А.13 | да дефинира критериуми за квалитет на дигитални продукти и решенија вклучувајќи ги иновативноста и корисноста. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има ограничувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите што се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и сајбер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи; |
| IV-Б.7 | неумереното и во несоодветна положба (неергономски) користење на дигиталните технологии може негативно да влијае на здравјето, личниот и социјалниотживот, а несоодветното складирање на дигиталниот отпад неповолно влијае врз животната средина. |

**VI. Општество и демократска култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VI-А.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-А.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него; |

| | |
|---|---|
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.9 | да препознае ранливи групи во општеството и да учествува во и да подржува хуманитарни и волонтерски акции, |
| | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| I-A.19 | да ја објасни важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.) |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќиги и децата, имаатправодагиизразуваатсвоитемислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси, |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот, |
| VI-Б.4 | неселективно почитување начовековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општестото во целина, |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата, |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување за еднички јавен интерес, |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината, |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни културии/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитувањето на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество. |

**VIII. Уметничко изразување и култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее*

| | |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитет на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: **Моето секојдневие во средината во која учам, живеам и се дружам**

Вкупно часови: 25

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на:

1. правилно да ги изговара гласовите на македонскиот стандарден јазик правејќи разлика во изговорот на гласовите во македонскиот и во мајчиниот јазик;
2. слуховно да препознава правилно акцентирани зборови и правилно да акцентира изучени зборови според правилата за акцентирање во македонскиот стандарден јазик.
3. да користи лексика/зборови со коишто точно се претставува себеси и соодветна лексика/зборови и фрази при комуникација со други лица;
4. да ги именува, да ги посочува своите особини кои зборуваат за неговата/нејзината единственост, однесувањето со семејството и со околината, користејќи ги формите на именките, придавките, заменките и соодветните глаголски форми;
5. да користи зборови од речникот на македонскиот јазик и да го применува нивното правилно значење во комуникациски контекст/ситуација;
6. да чита текстови на македонски јазик почитувајќи ги правилата во изговорот и во поврзувањето на зборовите;
7. да одговара на прашања, извлекува непознати зборови и зборовни изрази, да препознава точен одговор и да составува кратки реченици во врска со текстовите што ги слуша и што ги чита.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| **а) Комуникациски модели**<br><br>• **Кој сум јас**<br><br>*Јас сум ученик, ученичка, спортистка спортист, хористка, хорист, математичар, математичарка, градинар, градинарка, играорка, играорец...* | • Правилно изговара нови зборови и ги употребува во соодветни јазични контексти.<br><br>• Се претставува себеси правилно користејќи кратки јазични модели, точни зборовни изрази и ги наведува своите позитивни постигања и успеси. |

| | |
|---|---|
| • **Моите особини**<br><br>(истакнување убави особини по кои се разликуваме од другите *на пример:* дружељубив, доверлив, искрен, грижлив, …)<br><br>• **Јас сум уникатен /единствен по ...**<br><br>(на пр. *Три пати освоив награда за убаво читање.)*<br><br>*„Јас сум … (своето име) и уникатен/на сум по тоа што …“.*<br><br>• **Мои примери и идоли (музичари спортисти, писатели и научници)**<br><br>*Јас ѝ се восхитувам на оваа личност (на пр. научник, писател, уметник, лик од литературно дело, јунак од филм или ТВ серија ...) затоа што ...*<br><br>• **Јас во моето семејство, јас и/со другите**<br><br>*Што правам дома? Како учествувам во заедничиот живот? Со кого сум најблизок?*<br><br>*(родителите/старателите; другарите; училиштето; музиката; спортот и други важни нешта)*<br><br>*Јас во моментот ги чувствувам најблиску другарите.*<br><br>*Тој во моментот го чувствува најблиску спортот/фудбалот.* | • Употребува соодветни изрази за да ги каже своите идоли и примери на кои се угледува и восхитува.<br>• Правилно ги набројува карактеристиките на друга (позната)личност.<br>• Прашува и одговара на прашања поврзани за сопственото/лично однесување, однесувањето на/со родителите/ другарите/ наставниците.<br>• Наведува различни начини за активно учество во семејниот живот.<br>• Слуша, разбира и одговара на прашања/информации поврзани со училишниот живот.<br>• Презентира свој распоред на часови по предмети и број на часови.<br>• Набројува омилени предмети и дава кратки објаснувања за истите.<br>• Составува искази за своите училишни обврски.<br>• Поставува прашања поврзани со училишни обрски.<br>• Одговара на прашања во врска со училиштето и обврските во него.<br>• Иницира и учествува во дијалози во кои се изразува за обврските, распоредот и предметите.<br>• Составува искази со соодветен вокабулар користејќи соодветни личноглаголски форми за сегашно време и за минато определено време.<br>• Употребува искази со соодветна употреба на прашални зборови во прашални реченици (дали, каков, кој, што).<br>• Употребува искази со правилна употреба на прилози за време, броеви и показни заменки и присвојни придавки.<br><br>• Употребува искази во кои ги наведува своите дневни активности. |

| | |
|---|---|
| • **Јас во училиштето**<br><br>(распоред на часови, предмети, омилени предмети, објаснување зошто се омилени предметите или темите кои го интересираат).<br><br>Училишните обврски (домашна работа, проекти, истражувања, експерименти, дежурства)<br><br>*Имам нов распоред на часови*<br>*Мојот распоред оваа година е :...*<br>*Каков е твојот распоред на часови?*<br>*Кои нови предмети ги имаш оваа година?*<br><br>*Дали имаме домашна по Македонски јазик?*<br>*Да, имаме, да напишеме пет реченици.*<br>*Денес за домашна треба да направиме истражување за...*<br>*Вчера правевме експеримент по биологија.*<br><br>• Мојот дневен план за учење и забава<br>*Секое утро станувам во седум часот. Се облекувам и одам на училиште.*<br>*Часовите ми почнуваат во осум..*<br>*Во петок сум/одам на секција по Природни науки.*<br>*Во понеделник, среда и петок одам на тренинг.*<br><br>• **Придонес во училиштето** | • Образложува како треба да изгледа неговото училиште според нацртаниот цртеж/или според компјутерска анимација.<br>• Ги наведува причините зошто одредени нешта сака /може да ги прави или не сака /не може да ги прави.<br>• Ги презентира своите планови за ученички иницијативи.<br>• Го разбира и кусо го коментира поставеното прашање за наведената тема.<br>• Прашува и одговара на прашања поврзани за подигнување на квалитетот на живеење во училиштето и домот.<br>• Поттикнува или се вклучува во кус дијалог или во разговор поврзан со секоја од тематско -комуникациските целини. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| Училишниот двор – чисто, убаво и безбедно место за престој.<br><br>*Во кои области од училишниот живот можам да учествувам и да придонесувам?*<br><br>*Јас можам да придонесам во разубавувањето на училницата.*<br><br>*Можам да пуштам музика на разглас.*<br><br>*Можам да направам анкета за културно-забавниот живот.*<br>*Моето училиште е мое затоа што ја имам можноста да ги предлагам следниве активности/иницијативи ...* | |
| **Б) Лексички единици**<br><br>• Именки: восхит, креативност, оригиналност, интерес, желба, слобода, активност, вештина, соработка, дружба, доверба , самодоверба...<br>Слободни ученички активности: кошарка, фудбал, шах, музика, секција, разгласна станица... Градење слика за себе како член на семејството и како ученик: почит, доверба, љубов, промена, пубертет, споредба, другар, потреба, поддршка, комуникација, околност, навика, ситуација, незадоволство ... | • Ги употребува изучените именки кои означуваат негови/нејзини интереси, можности, постапки и карактерни особини во нови училишни и семејни ситуации.<br>• Правилно ги поврзува своите афинитети со активностите кои произлегуваат програмските содржини во неговото /нејзиното училиште.<br>• Ги именува и набројува слободните ученички активности кои се наоѓаат во неговото/нејзиното училиште.<br>• Ги наведува поважните настани во семејството и во училиштето, употребувајќи сопствени именки и описни придавки.<br>• Правилно ги поврзува карактеристиките на личноста на ученикот во домот и в училиште, употребувајќи општи, сопствени именки, апстрактни именки и описни придавки.<br>• Ги употребува формите на показните заменки и повратните заменски форми во кратки искази со изучени именки. |

| | |
|---|---|
| • Придавки: мирен, способен, одлучен, самоуверен, почитуван, интересен, задоволен, креативен, оригинален...<br><br>• Глаголи: почитува, не почитува, се плаши, одлучува, навредува, бара, дава, коментира, решава, се однесува, знае, се интересира, верува, се изразува, постапува...<br><br>• Прилози: овде, онде, ваму, таму, мирно, спокојно, задоволно, храбро, доволно, недоволно, малку, многу, двојно...<br><br>• Сврзници и предлози: (и, или, а, па, зашто, туку; на, во, под, над, до,кон, врз, заради, меѓу... )<br>• Прашални зборови и изрази: дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како, каков, на кој начин... | • Составува реченици/кратки искази со употреба на глаголи од свршени и несвршен вид во соодветен контекст.<br>• Составува кратки реченици со сврзници и предлози (и, или, а, туку; на, во, под, над, до). |
| **в) Граматички структури**<br>• Фонетика и правоговор<br>Правилен изговор на согласките: ф, в, ѓ, ќ, ѕ, џ, љ, њ од македонскиот гласовен систем<br>Гласовни промени: обезвучување на звучните согласки на крајот на зборот<br>Акцентот во македонскиот стандарден јазик (третосложно акцентирање)<br>• **Морфологија**<br>Именки | • Ги изговара правилно гласовите од македонскиот гласовен систем со посебно внимание во изговорот на согласките ф, в, ѓ, ќ, ѕ, џ, љ, њ .<br>• Го препознава обезвучувањето на звучните согласки на крајот на зборот.<br>• Репродуцира правилно акцентирани изучени зборови при читање и во разговор. |

| | |
|---|---|
| Видови именки: конкретни *(роза, камен, вода, мраз, мебел)* и апстрактни именки (*тага, љубов, молк, болка, стремеж)*<br>*Ја скинав* ***розата*** *од нашата* ***градина.*** *Си купив* ***тетратка*** *од* ***книжарница.*** *Татко ми почувствува силна* ***болка*** *во коленото.*<br>*Јас и мајка ми имавме мала* ***караница*** *вчера.*<br>Граматичката категорија род, број и определеност кај именките:<br>*Куче**то** си лае. Куче**во** не ме познава.*<br>*Куче**то** избегало од кај сопственикот.*<br><br>Видови множина кај именките: обична и избројана (*Јас имам три* ***моливи.*** *Пили**њата** од нашиот двор избегаа.* ***Два дена*** *не одев на училиште. Тие имаа* ***два сина и две ќерки.)***<br><br>Придавки<br>Видови придавки - бројни придавки и заменски присвојни придавки<br>*Фикрет и Филип го уредуваат* ***нашиот*** *училиштен двор.*<br>*Мелина и Ќерим разговараат за* ***нивниот*** *проект по Историја.По* ***трет*** *пат патував на истата релација: Скопје – Прилеп. Секој* ***втор*** *ден ја посетуваше мајка си.*<br>Граматичка категорија определеност кај придавките<br>*Голема**та** куќа му припаѓаше на чичко Блерим.* ***Големи*** *куќи се градеа на тесна**та** улица.* | • Разликува примери на конкретни и апстрактни именки.<br>• Креира реченици употребувајќи конкретни и апстрактни именки.<br>• Ги разликува именките според граматичката категорија род и број.<br>• Правилно ги применува именките според граматичката категорија род и број во усната и писмената комуникација.<br>• Препознава и разликува искази во кои именките се во определена форма (членувани);<br>• Разликува форми за обична и избројана множина кај именките<br>• Препознава бројни придавки и заменски присвојни придавки.<br>• Разликува членувана и нечленувана придавка.<br><br>• Препознава и разликува по лице, род и број лични заменки, форми од личните заменки и показни заменки во усна и писмена комуникација. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| *Соседите му помогнаа на мали**от** Јован во собирањето отпад.*<br>***Мало** дете го праша директорот.*<br><br>Заменки –Лични заменки : Показни заменки (тој, таа, тоа, тие; овој, оваа, ова, овие; оној, онаа, она, оние)<br>Повратната заменка ***себе***<br>***Себеси се** видов во излогот.*<br>***Себеси си** реков да учам.*<br><br>Глаголи<br>Употреба во соодветно лице, број, вид и време<br>Глаголи од свршен и несвршен вид<br>Сегашно време<br>*Јас пишувам домашна задача.*<br>Минато определено свршено време<br>*Јас ја почекав мајка ми пред киното*.<br>Минато определено несвршено време<br>*Кучето ме чекаше пред училиштето.*<br>Идно време<br>*Агим ќе дојде утре кај нас.*<br>*Никола ќе јаде без нас.*<br>*Ѓулај ќе работи на компјутер.*<br><br>Сврзници<br>Значење и употреба на сврзниците за поврзување на делови од реченицата и на едностави дел-реченици (Јас и Нафија | • Ги идентификува и употребува повратните заменски форми во различни говорни ситуации.<br>• Ги разликува глаголите според граматичките категории лице, број, вид и време и правилно ги употребува.<br>• Ја разликува свршената и несвршената форма на глаголот и правилно ги употребува.<br>• Означува глаголи во сегашно време.<br>• Препознава глаголски форми со кои се искажува идно време.<br>• Ги препознава и ги разликува формите на искажаните свршени или несвршени дејства во минато определено време.<br>• Препознава и споредува сегашно време со минато определено време свршено време и со минато определено несвршено време.<br>• Ги разликува сврзниците во однос на другите зборовни групи при нивната употреба во реченицата.<br>• Правилно употребува зборовни изрази од придавка и именка во реченица.<br>• Креира реченици и идентификува правилен и неправилен зборед во проста реченица. |

| | |
|---|---|
| живееме на иста улица.; Татко му на Петар се врати.; Ти ќе пееш, а таа ќе свири.; Мајка ми знае турски, но не знае македонски; Брат ми денес полага за возач.; Врне  и над езерото.)<br><br>• Синтакса<br>Употреба на зборовни изрази од придавка и именка (именска група): бела куќа; волшебна приказна; шарен килим;  слатки бонбони<br>Проста реченица. | |
| **г) Читање и пишување**<br>• Слушање и читање куси текстови со соодветна лексика, дијалози и реченици со посложена граматичка структура<br>• Слуша и чита нови зборови, дијалози и кратки текстови.<br>• Слуша, чита и одговара на кратки прашања поврзани со дијалозите и со кратките текстови.<br>• Пишување (самостојно или по диктат) | • Чита  со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција.<br>• Слуша и чита нови зборови, дијалози и кратки текстови.<br>• Слуша, чита и одговара на насочени прашања поврзани со дијалозите и со кратките текстови.<br>• Пишува краток дијалог.<br>• Пишува  врзан текст (5-6 реченици) со правилна употреба на зборοредот на реченицата.<br>• Правилно употребува голема буква кога ги пишува имињата, презимињата и прекарите, духовни имиња, имињата на жителите села, на градови,  фамилијарни имиња, уметнички имиња, имиња на уметнички ликови.<br>• Правилно користи точка, прашалник и извичник, запирка, две точки, три точки кога пишува по диктат или самостојно. |
| **д) Теми за дискусија**<br>• Почит за сите, и слични, и различни во училиштето | • Ги наведува карактеристиките поврзани  со функционирањето на неговото училиште (вредности, традиција, училишна клима, можности, толеранција на разлики, соработливост, комуникација итн.) во однос на други училишта. |

| | |
|---|---|
| • Интернационализми и балканизми - зборови кои исто или слично се изговараат во македонскиот јазик / и во јазиците на заедниците кои македонскиот јазик го изучуваат како немајчин. | • Ги наведува придобивките од заедничкото живеење, учење и дружење на различните етнички заедници во неговото училиште/ или со други ученици од друго училиште.<br>• Слуша, разбира и одговара на прашања/информации поврзани со сличностите и разликите на учениците во однесувањето, учењето, дружењето.<br>• Презентира зборови кои се слични или различни при изговорот на балканските јазици. |

**Примери за активности:**

*Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.*

- Учениците се поделени во групи по тројца. Секој ученик добива лист хартија. Наставникот ја дава инструкцијата: „Секој треба да размисли и да се сети на нешто што го направил/а или го постигнал/а, а по тоа се разликува од своите врсници – нешто што го/ја прави уникатен/на во однос на другите (на пр. Умеам да читам превртени букви; знам да местам Рубикова коцка; победив во пинг –понг на градскиот натпревар)“. Во рамки на тројката, учениците ги разменуват своите „уникатности“ и се договараат кој кого ќе го претставува пред другите, наведувајќи ја неговата/нејзината уникатност во една реченица. Уникатноста на оној/онаа што треба да го претставуваат, ја запишуваат на листот хартија и ја читаат пред сите ученици во паралелката. Другите ученици погодуваат на кого се однесува уникатноста.
- Учениците носат материјал преку кој презентираат некој кому му се воодушевуваат, им е идол и слично. Презентирајќи ја личноста пред другите употребуваат придавки кои ги даваат карактерните особини и постигањата на наведената личност.
- Учениците, поделени во парови, смислуваат прашања за интервју што ќе им ги постават на возрасните. Запишуваат три до четири прашања. На пример*: Како се викате? Колку години имате? Со што се занимавате? Како почнавте да се занимавате со тоа? Какво училиште или обука сте завршиле? Што ви помогна на училиште или во обуката?* До следниот час, секој ученик треба да интервјуира двајца возрасни и да ги запише одговорите. Од одговорите со помош на наставникот ги препознаваат зборовите: восхит, креативност, оригиналност, интерес, желба, слобода, активност, вештина, соработка, дружба, доверба, самодоверба и сл. и разговараат за нивното значење.

DRAFT

- Учениците се делат во групи по четворица и секој ученик добива примерок од работниот лист за ученици во кои треба да наведе омилени активности со некои членови од семејството пред три години и сега. (пример Порано сакав да играме шах, сега сакам да пешачиме покрај реката).Треба да изберат три члена од семејството кои можат да бидат поблиски или подалечни роднини. Сработеното се презентира пред целата паралелка.
- Учениците самостојно пишуваат распоред на часови и го презентираат како свој пред сите во паралелката.
- Учениците, секој посебно пред одделението, го презентираат својот омилен предмет и наведуваат три причини зошто им е тој предмет омилен.
- Учениците читаат список на училишни обврски, издвојуваат една која ја сакаат и една која ја завршуваат затоа што е задолжителна.
- Учениците, секој посебно прави презентација пред паралелката на своите дневни обврски.
- Учениците се делат во групи и секоја група добива различна задача: 1 група – Со што може секој од вас поединечно да придонесе во разубавување на училницата? 2 група – Што може секој од вас да направи во врска со приредбите и натпреварите за да ги направи попривлечни? 3 група – Што може секој од вас да направи училишниот двор да биде чисто и безбедно место за престој на учениците? Секоја група треба да размисли и на голем лист хартија да напише или да нацрта по неколку работи што би можел секој нејзин член да ги направи за да им стане училиштето попријатно место за престојување и учење. Потоа по еден ученик од секоја група ја презентира задачата.
- Учениците работат во парови. Секој ученик од парот кажува: Јас можам да... јас сакам да ... Речениците се однесуваат на она што учениците можат да го направат за училиштето.
- Наставникот го пишува зборот „единствен“ на таблата. Сите поединечно размислуваат по што тие се единствени (уникатни) во однос на другите во училницата. Тоа може да се однесува на изгледот, нешто во врска со семејството (да се биде близнак, да се има 4 браќа итн.), хобијата, омилените игри и слично. Учениците идентификуваат три нешта по кои тие се единствени.
- Учениците работат во парови. Смислуваат ситуации во кои треба да се покаже почит. Заедно, ја опишуваат ситуацијата на мало ливче хартија. Ливчињата се изложуваат на масите или на ѕид. Кога сите ќе завршат, учениците се движат низ училницата и ги читаат различните ситуации. Потоа учениците седнуваат во круг и наставникот зборува со нив за ситуациите каде што требало да се покаже почит. Ги замолува учениците да размислат како можат да се формулираат искази/реченици/пораки за покажување почит. Учениците го презентираат подготвеното.
- Учениците добиваат листа со именки и придавки кои ги опишуваат нивните интереси, можности и особини. Учениците ги избираат оние кои сметаат дека им одговараат и составуваат реченици кои ги споделуваат пред сите во паралелката.

- Учениците следат инструкции да се поделат во групи според своите афинитети кон: спорт, јазици, природни науки, уметност и слично. Во секоја група, секој пишува по една реченица која потоа и гласно ја споделува, а во која се кажува што тој / таа најмногу сакаат да прават од она што го учат во училиште, а е во нивен тесен интерес.
- Учениците се поделени во групи, ги именуваат и набројуваат слободните ученички активности кои се наоѓаат во неговото/нејзиното училиште.
- Учениците учествуваат во дискусија во која ги наведуваат поважните настани во семејството и во училиштето, употребувајќи сопствени именки и описни придавки.
- Учениците ги употребуваат показните заменки и повратните заменски форми во примери кои содржат празни места за нивно пополнување.
- Учениците добиваат листа со две колони глаголи: свршени и несвршени. Секој глагол го ставаат во посебна реченица употребувајќи го точно според контекстот.
- Составува кратки реченици со сврзници и предлози (и, или, а, туку; на, во, под, над, до).
- Учениците добиваат листи со зборови кои се заситени со гласот кој треба да го вежбаат и во негови различни позиции (ф, в, ѓ, ќ, ѕ, џ, љ, њ). Се поттикнуваат со користење бројалки да кажат и самите збор кој го содржи гласот кој го вежбаат за изговор.
- Учениците гледаат аудиовизуелен материјал каде се покажува артикулацијата на одреден глас/гласови, односно изговорот на самогласките и согласките. Ги разликуваат и ги изделуваат самогласките од согласките како гласови. Потоа пишуваат зборови и по насока на наставникот ги делат на слогови, увидуваат дека слогот има согласка и самогласка.
- Учениците следат презентација со кратки реченици во кои се употребени зборови кои завршуваат со звучна согласка. (Вчера јаде**в** гра**в** кај баба ми., Овој гра**д** има широки улици**.,** Во мојот џе**б** ги ставив парите.) Учениците добиваат задача да ги пронајдат зборовите кои завршуваат на звучна согласка, а потоа и да ги изговорат. Се објаснува дека секоја звучна согласка на крајот од зборот се изговара како нејзиниот безвучен парник. Иста така, наставникот им укажува на учениците за да знаат да го напишат зборот, ако се двоумат, треба да го членуваат зборот: леб – лебот, град – градот; тогаш јасно се слуша звучната согласка. Учениците на работен лист добиваат низа со зборови: мраз, ориз, дожд, мед, прв, ... која треба со помош на наставникот да ја дополнат, а потоа да ги изговорат зборовите од низата.
- Учениците слушаат краток текст, потоа го добиваат истиот да го прочитаат наглас и при тоа внимаваат на акцентирањето на зборовите.

- Учениците слушаат краток текст со правилен зборовен акцент и соодветна реченична интонација. Секој ученик запишува по една слушната реченица и истата ја чита наглас пред целата паралелка внимавајќи на интонацијата и на акцентирањето на зборовите.
- Учениците добиваат картички со именки (на коишто со зборови се означуваат суштества, предмети, појави и поими), конкретни и апстрактни, ги подредуваат и даваат пример од кратка реченица со секоја од нив.
- Учениците добиваат наставен лист со насока пополни го празното место со Т табела во која има дадено именки од еднина и од множина и учениците ќе треба да ги пополнат празните места. Пример: молив - __________; _____________- ученици .... и сл.
- Во продолжение читаат кратки дијалошки форми и истите треба да дополнат со одговори коишто претставуваат примери за избројана множина. *Пр.: Колку часа одржавте денес? Само два часа имавме денес. Колку дена патувавте до Швајцарија? Два дена патувавме.*
- Учениците ја играат играта од типот препознај ја грешката и поправи ја: **верна куче, мрзливо мачиња, убави коњ, вреден пчела.**
- Учениците се поделени во групи, секоја група добива листа од именки и ги кажува менувајќи ги по род и по број и по определеност. Потоа составуваат кратки реченици кои ги запишуваат на таблата и ја проверуваат нивната точност.
- Учениците симулираат разговор при што соодветно ги користат личните заменки. Пример: *Ти имаш ли посебна соба? Јас ја делам со брат ми. Тој секогаш ти го дава велосипедот? Јас се натпреварувам во возење велосипед за нашето училиште.*
- Учениците добиваат картички со илустрации. За секоја илустација има по една задача да се состави по една реченица користејќи соодветен глагол употребувајќи го во соодветниот број, лице и време.
- Учениците работат во мали групи. Секоја група добива работен лист при што треба да направат трансформација на глаголските форми од едно во друго време.
- Учениците слушаат кратки текстови. Преку учениците разликуваат искази во кои дејството е искажано во сегашно време односно во минато определено време: свршено и несвршено или пак во идно време.
- Учениците работат во парови. Секој пар добива илустрација (од училишниот живот- воннаставните активности) како поттик и мотивација за опишување при што фокус се придавките и правилната употреба во пишан или вербален исказ/реченица во сите граматички категории на придавката сопоставени со именката.
- Учениците добиваат мала листа од именки. За секоја именка пишуваат онолку придавки колку што знаат дека одговараат сопоставувајќи ги по род и број.

- Учениците вежбаат употреба на сврзници. Пример: Ги прашав мајка ми ___ татко ми за нивно мислење. Размислив за добрите _ ___ за лошите страни на одлуката. Тој не верува во мене, __ за тоа има причина. сл.
- Учениците добиваат реченици кои имаат точен и погрешен зборопед. Со знакот точно го обележуваат точниот зборопед, а погрешниот го коментираат и поправаат.
- Учениците слушаат текст, ги детектираат новите зборови, а потоа го репродуцираат.
- Учениците во пар читаат дијалог, а потоа ги читаат и прашањата за информациите во дијалозите. Одговараат пред сите во паралеката, наизменично.
- Учениците добиваат листа на новоизучени зборови и пишуваат краток дијалог.
- Учениците пишуваат краток врзан текст со правилна употреба на зборопедот на реченицата на тема која ја изучуваат (училиштето е само мое затоа што..., почитување, послушност, непочитување...)
- Учениците добиваат работен лист со реченици во кои сите зборови се напишани со мали букви. Учениците треба да употребат голема буква онаму каде што е потребно, во согласност со правилото за голема буква кај сопствените именки ( секоја недела сум на водно со мојот брат марко/есин доаѓа од германија утре. Таа има многу пријатели од европа.)
- Учениците пишуваат по диктат. Потоа поделени во двојки се проверуваат преку точно напишан пример на таблата за правилна употреба на точка, прашалник и извичник, запирка, три точки...
- Учениците се работа во мали групи од тројца. Секоја група добива по еден работен лист „По што сме слични, а по што сме различни, со задача да го пополни на следниот начин: Секој си избира по еден круг за себе и над него го запишува своето име. Секој си замислува список на работи што сака/или не сака да ги прави (на пр. Сака да игра фудбал, да игра на компјутер, да јаде шпагети, сарма, кадаиф ... не сака да јаде спанаќ, да станува рано, да пишува домашна работа...). Низ дискусија со другите во групата, секој ученик треба да открие кои од тие работи му се однесуваат само за него (сака/или не сака да ги прави само тој), кои работи му се работи заеднички со секого од другите двајца ученици во групата ( и двајцата сакаат/ не сакаат да ги прават) и кои работи се заеднички за сите тројца ученици во групата.
- Сите ученици стојат во круг и треба да си кажат поради што се почитуваат едни со други. Почнува еден ученик кој се врти кон ученикот десно од себе и вели: „Почитување за (името на соученикот) затоа што (кажува особина или однесување на соученикот). Ученикот на кого му е упатена почитта се заблагодарува и се врти кон ученикот десно од себе и продолжува со истата реченица и сè така во круг додека да дојде до ученикот што започнал.
- Сите ученици треба да се наредат во една линија според однапред договорена карактеристика, на пример по месецот и годината на раѓање. При тоа не смеат да зборуваат.Треба да најдат начин како ќе комунцираат со цел правилно да се распоредат.

DRAFT

- Учениците работат самостојно. Секој треба да одговори на три прашања по редоследот на која се напишани: *Три единствени нешта кои се однесуваат само за мене. Три нешта заеднички што ги имам со другарот/другарката до којшто седам. Дали ви беше потешко да најдете работи по кои се разликувате од другите или работи по кои сте слични? Зошто*?
- Учениците разговараат на тема: *Дали е полесно да најдете разлики/сличности со помалку или со повеќе лица? Зошто? Кога се чувствуваме попријатно? Кога мислиме дека сме различни од другите или кога сме слични на другите? Зошто?*
- Учениците дискутираат: *Како се покажува почит?* Се наведуваат на заклучокот: Почит се изразува различно: со зборови, гестови, со телесен став. Кога кон некого се однесуваме со почитување, оставаме простор и другите кон нас да се однесуваат со почитување.
- Учениците имаат задача во рок од 15 дена да направат истражување и да направат список на што повеќе зборови кои имаат слично значење и изговор меѓу јазиците кои се говорат на Балканот. Успешните презентации се споделуваат на соодветно место и во училницата.

Тема: **Во непосредната околина**

Вкупно часови: 26

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/на да:

1. води разговор во различни ситуации кои вклучуваат посета на пазар, маркет, ресторан, доктор, аптека.
2. поставува прашања и одговара на прашања со лексички единици карактеристични за темите на кои се разговара.
3. составува реченици користејќи ги во соодветен контекст и соодветна граматичка форма познатите зборови.
4. чита и разбира дијалози, кратки текстови и пасуси во кои се зборува за секојдневни комуникации.
5. пишува краток текст во кој ги употребува соодветно граматичките структури: именки, придавки и заменки во соодветен род и број и глаголи во соодветно време: сегашно време и минато определено време.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| **А) Комуникациски модели** | |

| | |
|---|---|
| **Купувања/пазарења**<br><br>**На пазар и во марткет**<br><br>*Во моето место има голем/мал зелен пазар. Може да се купи: ...*<br>*Цени на производите и купување - Колку чини доматот? Колку чини зелката?*<br>*Е поскапо од... е поевтино од...*<br>*Мои омилени овошја и зеленчуци се: ...*<br>*Од омилените овошја и зеленчук, можам да направам:....*<br>*Во маркет купувам: месо, тестенини, чоколадо,, чипс …*<br>*Сакам да готвам/Не сакам да готвам*<br>*Споделување рецепт*<br><br>**Во бутик**<br>*Дали има број 14 од ова? Да има, но во друга боја. Ова е црвено, а број 14 има само во зелена боја.*<br>*Дали има панталони како во излогот? Дали имате тексас кошули? Дали имате зимски јакни?*<br>*Ова е дебело палто, дали е волнено? Да, волнено е.*<br>*Си купив памучна блуза во розова боја.*<br>*Сакам да си купам тренерки.*<br><br>**Во продавница за чевли**<br>*Дали имате број 39 од овие чевли? Да, имаме, повелете.* | • Составува едноставни прашања употребувајќи соодветни прашални зборови во контекст на купување на продукти на пазар и продавница.<br>• Користи во соодветна форма именски зборови за ситуации кои се однесуваат на купување.<br>• Соодветно употребува броеви и суми на пари искажувајќи ги со број.<br>• Составува прашања со кои прашува за карактеристиките на нештата кои ги купува.<br>• Разликува значење и употребува придавки за опишување во комуникацијата.<br>• Користи одредени глаголи (има, купи, носи, сака) во соодветни форми за сегашно и минато определено време во комуникација.<br>• Составува изрази за ситуации во кои нарачува во ресторан и дискутира за менито.<br>• Води и учествува во кус дијалог за ситуации во лекарска ординација и аптека.<br>• Соодветно користи изрази за да побара помош околу лекување или купување лек. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| *Дали имате вакви чевли во кафена боја?*<br>*Сакам да купам бели/сини/црвени патики. Дали имате број 40? Сакам сини, не сакам бели, но да ги пробам.*<br>*Модни трендови- тесни фармерки, широки панталони, дуксер, маица, блузон*<br>*Во бутикот и продавницата за чевли има: касиер/ка, продавач/ка, менаџер/ка*<br><br>**Услуги**<br>**Во посета на ресторан**<br><br>*На менито има: флија, пилешки прсти, тава со ориз , гулаш, донер, хамбургер, помфрит, супа, чорба, салата од...*<br>*Сакам да порачам:*<br>*Колку чини една порција? Една порција е...*<br>*Специјалитет на денот ...*<br>*Извинете во приборот имам само: ...*<br>*Ми недостига:....*<br>*Во ресторан работи: келнер, готвач, мијач на садови, хигиеничар.*<br><br>**На лекар/на доктор**<br>*Мерт и Блерим имаат стомачен вирус. Ги боли стомакот.*<br>*Одат на лекар.*<br>*Баба има висок притисок. Викни брза помош! Брза помош на бројот 193.*<br>*Севги има температура, да одиме на матичен лекар.* | • Ги користи изразите за барање и заблагодарување на јавни места, при купување, при посета на ресторани и ординации.<br>• Набројува имиња на професии во услужните дејности кои секојдневно ги среќава и ја прикажува со глагол нивната работа.<br>• Составува изрази за посета на локации од природата наведувајќи карактеристики за истата.<br>• Кратко опишува место од природата, растение или животно.<br>• Води и учествува во разговор за природата, растенијата и животните. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| *Што те боли? Ме боли, раката, ногата, грлото, срцето...*<br>*Јас сум настинат, ми тече носот и кашлам.*<br>*Мерзије има грип. Пие антибиотик.*<br>*Каде бевте вчера? Бевме на матичен лекар. Зошто? Бевме болни.*<br>*Во докторската ординација има: доктор, медицинска сестра, лаборант*<br><br>**Во аптека**<br>*Ми треба овој лек. Каков лек е ова? Ова е лек за црвено грло.*<br>*Дали имате рецепт за лекот? Тој лек се купува со рецепт. Тоа е антибиотик.*<br>*Тие лекови се витамини.*<br>*Фармацевтот ми објасни дека ова е скап лек.*<br>*Го немаме овој лек. Може да проверите каде го има? Да, но овој лек го нема овој лек во нашите аптеки.*<br>**Природата околу нас**<br>Растителен и животински свет: описи на животни и растенија<br>*Одам на викенд во ... Маврово, Охрид, Берово*<br>*Таму има прекрасно езеро/шума/парк*<br>Животни и растенија во Маврово<br>Маврово е национален парк<br>Растенија и животни на Пониква и на Пелистер<br>*Каде беше за викендот?*<br>*За викендот бев во викендицата во Ростуше.*<br>*Како си помина?*<br>*Беше прекрасно, собиравме чај и дренки.* | |

DRAFT

| | |
|---|---|
| **Б) Лексички единици**<br><br>Именки: македонски зеленчук и овошја (малини, капини, дренки, калинка, круша, јаболко, кајсија, праска); зеленчук домати, пиперки, зелка, цвекло, морков, спанаќ, босилок, нане, жалфија, месо, тестенини, чоколадо; бутик, кошули, блузи, патики чевли, број, големина; рецепт, притисок, крв, болка, аптека, доктор, лек, вирус, антибиотик, витамини; прибор за јадење: виљушка, нож, лажица, чинија, чинија за супа, плитка чинија, грне, тава... професии во ресторан, имиња на јадења.<br><br>Придавки: големо, мало, високо, ниско, солено, благо, кисело, зелено, црвено, вкусно, точно, погрешно, убаво, прекрасно, кожно, воленено, памучно.<br><br>Броеви: до 1000<br><br>Глаголи: јаде, пие, донесе, нарача, порача, послужи, зготви, измие, донесе, земе, објасни.<br><br>Фрази: Пазарот е евтин/скап; Келнер, ве молам едно мени; извинете, колку чини ова? Сакам да порачам.. Дали го имате лекот... Колку чини...? | • Репродуцира и користи новонаучени именки и наведува примери.<br>• Употребува именки во соодветен род и број.<br>• Соодветно користи именки и придавки при барање, прашување или одговарање почитувајќи ги категориите род, број и определеност.<br>• Користи броеви до 1000 во непосредната комуникација.<br>• Разликува значење на глаголите и ги употребува во свои примери.<br>• Користи фрази и новонаучени зборови во секојдневната комуникација. |
| **В) Граматички структури**<br>**Фонетика и правоговор** | • Правилно ги изговара при зборување и читање гласовите *ф, в, ѓ, ќ, ѕ, џ, љ, њ* од македонскиот гласовен систем. |

| | |
|---|---|
| • Правилен изговор на согласките: *ф, в, ѓ, ќ, ѕ, џ, љ, њ* од македонскиот гласовен систем<br>Гласовни промени: обезвучување на звучните согласки на крајот на зборот<br>• Акцентот во македонскиот стандарден јазик (третосложно акцентирање)<br>**Морфологија**<br>• Видови именки: конкретни *(население, злато, патики, чинија, мени, аптека, фустан, сестра, мечка)* и апстрактни именки (*авантура, љубов, страв, радост, болка, мисла)*<br>***Мевљуде*** *си купи* ***фустан*** *од новиот* ***бутик.***<br>*На* ***планината Галичица*** *доживеавме вистинска авантура.*<br>***Елида*** *и* ***Екрем*** *го однесоа повредениот* ***дедо*** *на болница.*<br>*Јас и* ***мајка*** *ми бевме на* ***пазар****.*<br>*Почувствував* ***страв*** *кога ми земаа* ***крв*** *од* ***прстот.***<br>• Граматичката категорија род, број и определеност кај именките:<br>*Домати****те*** *се многу вкусни во лето.*<br>*Пиперки****те*** *и краставици****те*** *од градина****та*** *на дедо Петре се највкусни на целиот свет.*<br><br>*Аптека****ва*** *е добро снабдена со лекови.*<br>*Од дренки****те*** *што ги собравме направивме сок.* | • Препознава разлика во изговорот и во пишувањето при гласовната промена обезвучување на звучните согласки на крајот на зборот.<br>• Употребува правилни форми од именките во категориите род и број.<br>• Соодветно ги употребува членските наставки за изразување на категоријата определеност кај именките.<br>• Соодветно ги употребува членските наставки за изразување на категоријата определеност кај придавките сопоставени со именките.<br>• Ги споредува придавките и соодветно ги употребува нивните форми со **по** (комапартив) и **нај** (суперлатив).<br>• Препознава и запишува броеви до 1000.<br>• Составува искази употребувајќи *да кострукција* со глаголот *сака*.<br>• Соодветно ги употребува формите за лице и број на глаголите во сегашно време.<br>• Користи сегашно време и заповеден начин во различни ситуации користејќи соодветни личноглаголски форми.<br>• Прашува и одговара на прашања со колку, како, колкаво. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| Видови множина кај именките: обична и избројана<br>*Ми препишаа **два лека** за болката во грлото.*<br>*Тој одгледуваше различни видови **чаеви**, зачински **растенија** и **цвеќиња** .*<br>***Два дена** работев во ресторанот за брза храна.*<br>*Тие јадеа по **три леба** во денот.*<br><br>• Придавки – материјални и описни придавки, степенување на придавките<br>***Највкусните** слатки се прават во кујната на мама.*<br>*Сокот од кајсија е **покисел** од нашиот.*<br>***Повредна** наставничка од неа немам сретнато.*<br>• Употреба на именки во соодветен род со придавката (*кисело млеко, кисела зелка, кисела вода, кисел домат, убаво време, убава жена, убав џемпер*)<br>• Броеви до 1000<br>• Да конструкции (сака да...)<br>*Ана сака да јаде баклава.*<br>*Ние често сакаме да одиме кај нашите братучеди.*<br>*Сакам да патувам со воз.*<br><br>• Фрази и значење на/за глаголот има (има – поседување/посвојност и има -постои) | |

DRAFT

| | |
|---|---|
| ***Имам** секакви материјали за шиење кошули.*<br>*Бранко и Блерим **имаат** голем маркет во центарот на градот.*<br>Глаголи<br>Употреба во соодветно лице, број, вид и време<br>Глаголи од свршен и несвршен вид<br>Пр.: *шета – прошета,*<br>*чита – прочита,*<br>*плива – доплива.*<br>Сегашно време<br>*Сестра ми студира медицина.*<br>*Јас учам по Македонски јазик.*<br>Заповеден начин<br><br>Минато определено несвршено време<br>*Јас **бев** во Прилеп на фестивалот „Војадн Чернодрински“.*<br>*Тој **планинареше** заедно со другар му од детство.*<br>Минато определено свршено време<br>*Таа ја **прочита** книгата за три часа.*<br>*Јосиф и Мелек погледнаа накај наставниците Ахмед и Димитар.*<br>• Прашални зборови - колку, како, колкаво, какво<br>*Колкаво е растојанието од малото до Големото Езеро.*<br>*Какво сирење јадеш?* | |

DRAFT

| | |
|---|---|
| *Колку километри е оддалечено селото на дедо ти од градот?*<br><br>Сврзници<br><br>• Значење и употреба на сврзниците за поврзување на делови од реченицата и на едноставни дел-реченици *(Марија гледаше телевизија,* ***а*** *Марко учеше.; Бабата* ***и*** *дедото долго разговараа.; На одмор ќе одиме во Струга* ***или*** *во Охрид.; Тетка ми знае македонски, но не знае англиски; Ги поканивме да дојдат кај нас,* ***но*** *тие ни откажаа.; Во саботата купив една книга* ***и*** *една енциклопедија на акција.)* | |
| **Г) Читање и пишување**<br>**(содржини поврзани со темата)** | • Чита текстови со заситена лексика од комуникациски ситуации од пазарување, лекар, аптека.<br>• Чита кратки текстови за животни и растенија.<br>• Пишува дијалози за секојдневни ситуации (пазар, бутик, ресторан, лекар, аптека)<br>• Составува описи за природни убавини, животни и растенија (5-6 реченици). |
| **Д) Теми за дискусија**<br>Тема за дискусија:<br>• Да се запознаеме – Каков чај пијат соседите во Северна Македонија?<br><br>(видови чај, начин на подготовка, садови за послужување, време и место за чај) | • Води разговор и учествува во дискусија за пиењето чај како карактеристика на различните заедници во нашата земја.<br>• Набројува и издвојува ретки животни и растенија кои живеат на нашите простори.<br>• Објаснува преку примери можности за заштита на ретките животни. |

| | |
|---|---|
| • Еко теми и дилеми – како да ги заштитиме ретките животни и растенија во Северна Македонија? | |

**Примери на активности:**

*Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.*

- Учениците се поделени во групи. Секоја група има задача да направи дијалози кои се однесуваат на купување во маркет или на пазар по свој избор, и истото да го покаже пред целата паралелка.
- Учениците работат во парови, секој од парот пишува прашања за одредена ситуација за купување и потоа си ги разменуваат прашањата, при тоа секој пишува одговор за напишаните прашања. На крајот секој пар го презентира својот дијалог.
- Учениците работат самостојно, ги запишуваат овошјата и зеленчуците кои ги сакаат, а потоа за истите креираат рецепт кој го споделуваат пред сите, објаснувајќи го (може да биде поставен и како цртеж, постер и слично).
- Учениците работат во пар и симулираат комуникација во докторска ординација/аптека, користејќи соодветен вокабулар.
- Учениците преку фотографии препознаваат професии од услужните дејности, ги именуваат професиите и употребувајќи соодветни глаголи покажуваат во која професија што се работи (*Ова е доктор, тој лекува пациенти. Тој е готвач, готви во ресторан).*
- Учениците гледаат фотографии од природни убавини кај нас и ги опишуваат користејќи го вокабуларот кој го знаат.
- Учениците истражуваат за ретки растенија и животни кај нас и прават плакат на кој има неколку конкретни карактеристики како опис. Секој го покажува и презентира својот плакат, некои од примерите може да бидат поставени низ училницата.
- Учениците се поделени во групи, добиваат илустрации, сликички, фотографии. Со илустративниот материјал добиваат и работен лист со барања за секоја сликичка да напишат што е и да ја опишат со онолку придавки колку што знаат, притоа да внимаваат на родот, бројот и определеноста. Од составените именски групи потоа треба да направат свои реченици/примери/искази. Секоја група го презентира сработеното.
- Учениците читаат броеви од картички. Секој број го запишуваат на таблата и го проверуваат запишувањето на бројот со букви.

DRAFT

- Учениците работат самостојно, добиваат текст заситен со зборови кои ги учат во темата, ги читаат на глас и се поправаат во изговорот и акцентот.
- Учениците со помош на илустрации запишуваат именки во соодветен род и број, а потоа ги членуваат според упатство дадено на работен лист. Дискутираат за разликите во употребата на членот и потоа секој запишува свој пример/и што го споделува пред сите во паралелката.
- Учениците добиваат илустрации од чевли, облека, храна. Ги опишуваат и споредуваат според нивните признаци (големина, должина, количество, вкус ...). Примерите со соодветно употребен комапратив и суперлатив ги закачуваат на еден лист како потсетник.
- Учениците пишуваат на ливче некои свои желби со насока да ја користат конструкцијата *сакам да*... Секој пример потоа се запишува на таблата. Од примерите учениците извлекуваат заклучоци за употребата на овој вид на искази со глаголи во да-конструкција кои се секогаш во сегашно време.
- Учениците набројуваат што има сега во нивната соба, што имало порано, запишуваат што има во вселената и слично. Дискутираат од примерите за тоа во какво значење може да биде глаголот има ( има едно Сонце во нашата Галаксија, но имам сонце на маицата).
- Симулации: баба што лежи, настинато дете.. давање инструкции: Донеси ми вода! Купи ми лимони!
- Учениците составуваат дијалог со прашања каде биле вчера/завчера или минатата недела... Имаат насока во одговорите да користат минато определено време преку даден пример: бев, бевме, посетив, шетав... Дијалозите се читаат пред сите во паралелката.
- Учениците читаат краток текст на тема поврзана со прошетка во природа, а потоа одговараат на прашања за прочитаното.
- Учениците составуваат краток опис - за нешто од природата, некое растение или животно во 5-6 реченици и го читаат пред сите. (*Ова е босилок. Тој расте во македонските градини. Има многу силен мирис. Се користи како зачин. Но се користи и како лек*).
- Учениците прават презентација на различни видови чај, покажувајќи го начинот на подготовка, садовите за послужување, како и времето и местото кога се пие чај: дома, на гости, за уживање, за здравје...
- Учениците поделени во групи изработуваат еко-постер запишувајќи пораки на него. Секоја група го презентира сработеното.

Тема: **Комуникации, поврзувања и запознавање на разликите**

Вкупно часови: 21

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/на да:

1. составува реченици со соодветен вокабулар во кои кратко објаснува за што користи интернетот и социјалните мрежи.
2. составува пораки и постови на македонски јазик, почитувајќи ги правилата на етичко однесување во онлајн просторот.
3. учествува во разговори за организирање патувања и опишување на посетени места користејќи содветни форми од именките, придавките и заменките.
4. раскажува и планира користејќи содветни форми од глаголите во идно и минато неопределено време.
5. наведува и објаснува информации поврзани со природни убавини, атракции и туристички места.
6. води и учествува во разговори на различни теми.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| **а) Комуникациски модели**<br>• Како комуницираме во светот;<br>За што го користиме интернетот (социјални мрежи, електронска пошта).<br><br>*Мојата тетка живее во Шведска. Со неа се допишувам на Фејсбук.*<br>*Брат ми студира во Америка, често користиме видео повици.*<br>*Јас живеам во Радовиш, а моите братучеди во Штип. Тоа е блиску, ама не се гледаме често. Си пишуваме на Вибер.*<br>*Интернетот ми е потребен за да комуницирам со оние кои не се блиску до мене, да се образувам, информирам и за да се забавувам.* | • Составува искази со кои објаснува какви онлајн поврзувања користи.<br>• Креира искази (постови и кратки коментари) кои се користат во онлајн комуникацијата.<br>• Објаснува со свои зборови за што му служи интернетот и социјалните мрежи. |

| | |
|---|---|
| **Патувања и екскурзии**<br><br>**Разговори за/околу патувањата; дестинации, превозни средства**<br><br>*Кој бил во...Никој од нас не бил во ...*<br>*Секој од нас бил на тоа место*.<br>*Дали си бил/а во...?*<br>*Да, сум бил/Не, не сум бил*<br>*Сакам да одам во....*<br>*Таму се стигнува со: ...*<br>*Тоа место е познато по...Таму има....*<br>*Ќе патувам со...*<br>*Ќе посетам музеј, театар, зоолошка, парк, фудбалски натпревар, концерт*<br>*На аеродром/на автобуска/ на железничка*<br>*Извинете, кога е летот за...Кога тргнува возот за...*<br>*Кога стигнува овој автобус таму?*<br>*Листа за патување: пасош, карти/билети, резервации, куфер, туристичка мапа*<br><br>*Сакам да патувам / Не сакам да патувам-затоа што*<br><br>**Ги запознавам другите култури**<br><br>Ова е .... Тој сега живее тука, а роден е и се образувал/учел во Белгија.<br><br>Овие се моите нови пријатели од Турција. Тие се од градот .... | • Составува прашања и одговори со употреба на минато неопределено време/минато определено време кои се однесуваат на реализирани посети и патувања.<br>• Води разговор со официјални лица информирајќи се за конкретни патувања.<br>• Употребува едноставни искази со употреба на идно време за планови и патувања.<br>• Репродуцира пронајдени информации за конкретни патувања.<br>• Прави своја листа за патување наведувајќи ги неопходните работи за тоа.<br>• Претставува личности употребувајќи фрази со основни податоци за нив. |

| | |
|---|---|
| **б) Лексички единици**<br>**Именки:** информација, мрежа, објава, фотографија, пост, станица, аеродром, авион, воз, автобус, мапа, карта, пасош, град, езеро, планина, место, музеј, парк, концерт, фудбалски натпревар<br>**Придавки:** туристичко, туристичка, социјална<br>**Глаголи:** патува, тргнува, пристигнува, полетува, слетува, пишува, испраќа, добива. | • Соодветно користи лексички единици во исказни и прашални реченици почитувајќи ги граматичките правила за употребата на именките и придавките во соодветна категорија.<br>• Соодветно користи лексички единици во исказни и прашални реченици почитувајќи ги граматичките правила за употреба на глаголите во соодветно време, лице и број. |
| **в) Граматички структури**<br>• **Заменки**<br>Лично – предметни: кој, што и чиј<br>Неопределени заменки: некој, нешто, нечиј<br>Општи заменки: секој, сешто, сечиј<br>Одречни заменки: никој, ништо<br>***Некој*** *објавил информација на Фејсбук.*<br>***Која*** книга ја бараш?<br>***Кои*** се новите патници за Белград?<br>**Секој** се информира за **нешто** од Инстаграм.<br>***Чиј*** *е телефонов?*<br><br>• **Идно време**<br>*Марко* ***ќе оди*** *во Берово.*<br>***Ќе патува*** *со автомобил.* ***Ќе се смести*** *во приватен хотел во близина на езерото. Таму* ***ќе се запознае*** *со убавините на Беровското Езеро и неговата околина.*<br>*Мустафа ќе патува во Ресен. Ќе ги посети своите пријатели во Ресен. Им пиша СМС дека* | • Правилно ги користи лично- предметните, неопределените, одречните и општите заменки во усна и писмена комуникација.<br><br>• Поставува и одговара прашања користејќи идно време за планови и идни посети.<br>• Составува реченици со употреба на познати глаголи во идно време.<br>• Раскажува користејќи минато неопределено време за поминати дејства.<br>• Соодветно користи подмет и прирок почитувајќи го зборoредот.<br>• Разликува и сопоставува подмет и прирок во реченица. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| ***ќе пристигне*** *во 14 часот.* ***Ќе*** *го* ***чекаат*** *пред џамијата во градот.*<br><br>• **Минато неопределено време**<br>*Во селото* ***живееле*** *многу производители на мед.*<br>*Јас сум* ***бил*** *во Дебар.*<br>*Ти си* ***бил*** *кај нас и порано.*<br><br>• **Прилози:** таму, често, ретко, никаде, никогаш, порано, подоцна.<br>• **Реченица**<br>Подмет и прирок во реченицата<br>*Илинка молчи.Илијаз чита книга. Илинка и Илијаз ќе одат заедно на екскурзија.*<br><br>Редот на зборовите во реченицата (подмет, прирок, прилошка определба)<br>*Учениците го посетија музејот.*<br>*Ние пиеме чај секој ден во 17 часот.* | |
| **г) Читање и пишување**<br>**(содржини од темата)** | • Чита и разбира едноставни текстови од познати македонски писатели.<br>• Чита текстови и издвојува важни информации од текст.<br>• Репродуцира информации од даден – читан или слушнат текст.<br>• Чита и објаснува брошури, мапи и возни редови.<br>• Пишува кратки пораки кои ги разменува во онлајн комуникацијата на социјални медиуми и други платформи почитувајќи етички стандарди. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | • Пишува краток текст (5-6 реченици) во врска со посетено место. |
| **д) Теми за дискусија**<br>• Десет најпознати и најубави места во Северна Македонија; Едно најубаво место во кое сум бил надвор од Северна Македонија<br>*(Патувања во земјата, патувања надвор, сум бил/била во... Сакам да патувам во ....)*<br>• Недискриминација, инклузија, емпатија | • Наоѓа информации од туристички и други материјали и прави презентација на истите.<br>• Опишува места давајќи ги основните информации и специфики.<br>• Препознава разлики и ги дискутира како позитивна карактеристика.<br>• Води и учествува во дискусии против дикскриминација.<br>• Составува фрази и слогани против дискриминација од секаков вид. |

**Примери за активности**

*Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.*

- Учениците работат самостојно. На лист цртаат логоа или заштитни знаци на платформи и онлајн мрежи што ги користат. Секој ученик кажува за што ја користи секоја од мрежите користејќи соодветни модели за изразување. (*Јас често пишувам на Месинџер. Сестра ми користи Вибер. Јас немам Фејсбук, имам Инстаграм.)*
- Учениците самостојно пишуваат можни постови на зададена тема. Напишаното се проверува на табла.
- Учениците работат самостојно и прават листа од три работи за кои се служат најмногу со интернетот. За секоја издвоена актвност кажуваат по една реченица.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива работен материјал со различни места од Северна Македонија. Пишуваат краток текст за местото кое е претставено во работниот материјал што го добиле. Користат минато определно и минато неопределено време. Напишаното секоја група го претставува, така што секој ученик од групата кажува по една реченица.
- Учениците работат во пар. Разговараат кој каде бил. Симулацијата се користи за вежбање на минато неопределено време (Си бил во Кавадарци? Не сум бил, а ти си бил во Крива Паланка?).

DRAFT

- Учениците работат самстојно, цртаат мала мапа или еден главен споменик или обележје на некое место. Ги користат фразите кои се запишани на таблата: *Сакам да одам во....Таму се стигнува со: ... Тоа место е познато по...Таму има....Ќе патувам со...* Секој ученик се изразува самостојно.
- Учениците планираат посета на Охрид. Своите планови за тоа кои локалитети ќе ги посетат ги запишуваат и притоа внимаваат да употребуваат идно време.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива насока за симулација дека ќе одат да посетат фудбалски натпревар во некој европски град меѓу два големи фудбалски тимови. Треба да го организираат патувањето. Пишуваат дијалози за сите официјални комуникации кои треба да ги завршат пред тргнувањето. Секоја група подготвените дијалози ги претставува на постер/хамер пред своето одделение.
- Учениците треба да го посетат Крушево, бараат информации во брошури и мапи кои ги обезбедил наставникот и потоа репродуцираат информации пред сите: *Крушево е родниот град на Тоше Проески; Крушево е највисокиот балкански град; Во Крушево се прави најубавиот локум и слично*. Секоја информација се запишува на таблата, односно во тетратката.
- Учениците се поделени во парови и подготвуваат листа со потребни работи за патување. Набројуваат и пишуваат реченици за истото. Споделуваат пред сите и се дополнуваат.
- Учениците добиваат реченици во кои се изоставени зборови кои се нови во нивниот вокабулар. Дополнуваат на празните места внимавајќи на родот и бројот кај именските зборови, однсло лицето, бројот и времето кај глаголите.
- Учениците смислуваат реченици кои се однесуваат на социјалните мрежи или некоја актуелност која во моментот е релевантна за нив. Пишуваат прашања за истата употребувајќи соодветни заменки.
- Учениците се седнати во круг и си поставуваат прашања. На секое прашање ќе треба да се одговори така што глаголот ќе биде изразен во идно време.
- Учениците работат во пар. Составуваат дијалози со примена на различни глаголски времиња: *Ќе одам во Дебар. Ја не одам таму, сум била таму минатата година.*
- Учениците добиваат наставен лист во кој има различни примери: реченица со еден прирок, реченица со два прирока, а еден подмет и обратно. Речениците немаат соодветен збороред и нивната задача е да ги постават речениците во соодветен збороред. Сработеното се претставува пред соучениците.
- Учениците се поделени во групи. Добиваат работен лист на кој има „ѕид од зборови“. Создаваат реченици во кои внимаваат подметот и прирокот да се соодветно сопоставени според категориите на видовите зборови кои се искористени.
- Учениците слушаат соопштение за посета на музеј во организација на училиштето. Слушнатите информации ги репродуцираат пред сите и се дополнуваат. (Активноста може да се повтори со две – три информации на еден час).

- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива мапа и возен ред на градски автобуси. Секоја група изработува информации како ќе се превезе од едно во друго место/населба. Сработеното од секоја група се споделува со сите.
- Учениците на умната табла гледаат (или на презентација) слики или некои споделувања на интернет за кои оставаат коментари. Секој го чита својот коментар.
- Учениците работат индивидуално. Пишуваат неколку реченици за посетеното место од последната еднодневна екскурзијаи потоа читаат пред паралелката.
- Учениците следат кратки видеа во кое се гледаат различни ситуации на дискриминација. Се поттикнуваат на разговор за тоа, *дефинираат* дискриминација и пишуваат по една реченица со која ќе објаснат како може да се надмине ситуацијата што ја виделе.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноптравност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот треба да направи согледување на претходните искуства, знаења и вештини на учениците, континуирано да ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и да прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;
- домашните задачи;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- контролните вежби;
- тестовите на знаења;
- изработките/ практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, прикази, илустрации, презентации и сл.);

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

DRAFT

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик за учениците од другите заедници* за VII одделение.** | бр. ____________<br>________________ година<br>Министер за образование и наука,<br>______________________________ |

DRAFT